**Финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк**

**-согласно член 37 став (8) од Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) –**

**(02.06.2025 год.)**

Доо Леарница за алуминиум и цинк е субјект со дејност 25.21 –производство на радијатори и котли за централно греење кој согласно член 122 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) а, во врска со **Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.89/2005) **Прилог 2, точка 2.3** од страна на Оштина Ресен му е издадена Б-интегрирана еколошка дозвола.

Општина Ресен како надлежен орган има издадено Б-интегрирана еколошка дозвола за субјектот на ден 19.02.2016 год. со број 18-248/4. Согласно член 126 став (8) од Закон за животна средина на ден **01.06.2023 год**. Општина Ресен издава нова Б-интегрирана еколошка дозвола , **бр. УП-1-18-2.**

Субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк согласно Закон за животна средина подлежи на редовен инспекциски надзор од страна на општинскиот инспектор за животна средина.

На ден 10.03.2025 год. од страна на општинскиот инспектор за животна средина Андријана Георгиевска Зебековска со број на легитимација **28-0002** извршен е редовен инспекциски надзор во субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк. Надзорот се изврше по предходно доставено известување за вршење на редовен надзор со листа за проверка согласно член 69 ставови (2) и (3) и член 70 од Закон за инспекциски надзор (,,Сл.весник на РСМ,, бр.102/19) и согласно доставената Листа за проверка:

**Листа за проверка предходно доставена до субјектот:**

**-Закон за животна средина:**
Надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола –дали се почитуваат условите наведени во дозволата;

**-Закон за управување со отпадот:**
1. Дневник за евиденција за постапување со отпад;
2. Годишен извештај за постапување со отпад согласно **Правилник** (,,Сл.весник на РМ,, бр,7/2006 год.);

5. Постапување со отпадни масла-машински (евиденција,транспортен формулар, идентификационен);
6. Договори со соодветни субјекти за постапување со видовите отпад и отпадните масла;
7. Надзор над складираните видови на отпад.

**-Закон за води;**
1.Дозвола за испуштање на отпадни води;
2. Надзор над постапувањето со отпадните води кои се генерираат од субјектот (од сите погони)
3. Извршено мерење на квалитетот на отпадна вода што се испушта од технолошки процес.
4. постапување со фекални води од санитарни чворови.
5.Дозвола за црпење на подземни води за технолошки потреби

**-Закон за квалитет на амбиентниот воздух**
1. Надзор над емисии во воздух

**Надзорот е извршен во присуство на лицето Митко Секуловски-упавител.**

По извршениот редовен надзор согласно член 37 ставови (5), (6) и (7) од Закон за инспекциски надзор во животната средина (,,Сл.весник на РСМ,, бр.99/2022) на ден 24.04.2025 год. составен е **предлог извештај** и дставен е до субјектот на надзор со цел да се изјасни по однос на предлог извештајот. По истекот на рокот од 7 (седум) дена субјектот не се изјасна по предлог извештајот т.е немаше никакви забелешки што значи дека субјектот се согласува со тој предлог извештај.

Согласно член 37 став (8) од Закон за инспекциски надзор во животната средина (,,Сл.весник на РСМ,, бр.99/2022) се составува следниот Финален извештај од извршениот редовен инспекциски надзор **над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот Доо Леарница за алуминиум и цинк.**

Доо леарница за алуминиум и цинк:

- Седиште во Ресен на ул.,,Димитар Влахов,, бр.6, м.в Доброво, КП бр.2836
- ЕДБ -------------
- ЕМБС ________
- Главна дејност 25.21- производство на радијатори и котли за централно греење

Производството во субјектот подразбира леење на делови од алуминиумска и цинкова легура со проектиран капацитет од 350 т/год. Основни суровини се алуминиумска легура и цинкова легура која поретко се користи. Субјектот постапува согласно член **48, 50 и 63** од **Закон за управување со отпадот (,,Сл.весник на РСМ,, бр.216/2021)** т.е Доо Леарница за алуминиум и цинк има склучено договори со соодветни правни лица за собирање на видовите отпад кои се генерираат од дејноста истите предходно собрани во соодветни садови. За количините и видовите на отпад се води Дневник за евиденција за постапување со отпад. Дневникот се пополнува согласно **Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (,,Сл.весник на РМ,, бр.7/06).** Согласно наведениот правилник се изработува Извештај за постапување со отпад од правни лица за предходната година и истиот се доставува до Стручен Орган при Министерство за животна

средина и просторно планирање. За отпадното хидраулично масло се постапува согласно член **48** од **Закон за управување со дополнителни текови на отпад („Сл.весник на РМ„ бр.216/21 и бр.195/22)** исто така се води евиденција согласно член **50 од Закон за управување со отпадот („Сл.весник на РСМ„ бр.216/2021).**

**Доо Леарница за алуминиум и цинк ја почитува посотечката законска регулатива за постапување со видовите отпад.**

Отпадните води од технолошки процес се собираат во таложник и после нивно пречистување се испуштаат во канал кој потоа ги носи водите до природниот реципиент Голема Река. За испуштање на отпадни води од технолошки процес во природен реципиент субјектот поседува Дозвола број 11-1634/2 издадена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање на ден 12.06.2014. Согласно условите во Б-интегрираната еколошка дозвола Доо ,,Лераница за алуминиум и цинк,, два пати годишно прави испитување на квалитетот на отпадната вода пред нејзино испуштање. Последно испитување на квалитетот на отпадните води кои се генерираат од субјектот е извршено на ден 21.11.2024 год. Согласно стручниот извештај од извршеното мерење нема надминување на граничните вредности кај сите измерени параметри. Ново мерење ќе се прави во месец мај или јуни 2025 год. Фекалните води се собираат во септичка јама која се чисти од соодветен субјект согласно договор склучен со истиот и транспортен формулар издаден за извршеното чистење.

За технолошки потреби субјектот со вода се снабдува од бунар т.е користи подземни води. Бунарот се наоѓа на КП бр.2836 м.в Доброво. За наведеното субјектот располага со Дозвола за црпење на подземни води за технолошки потреби издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 02.01.2024 год. со број УП1-11/5-1396/2023.

**Доо Леарница за алуминиум и цинк ја почитува посотечката законска регулатива согласно Закон за води** за постапување со отпадни вдои од технолошки процес и црпење на подземни води за технолошки потреби.

Од субјектот емисии во воздух нема бидејќи греењето е на струја а, и во процесот на производство се користат електоротпорни печки кои работаат на струја.

**Од субјектот нема емисии во воздух од стационарни иавори.**

Во **Програма за подобрување** која е составен дел на Б-интегрираната еколошка дозвола субјектот има наведено три мерки и истите во целост се спроведени.

| | **Мерка** | **Дата на завршување** |
|---|---|---|
| | Уредување на просторот за одлагање на отпадни масла | Декември 2023 година |
| | Организирање на програми за едукација, обуки теоретски и практични | Декември 2024 година |
| | Обезбедување на дозвола за користење на вода од бунар | Зависно од МЖСПП, штом биде издадена дозволата веднаш ќе го известат надлежниот орган, односно Општина Ресен |

**Врз основа на сето погоре наведено може да се констатира дека Доо Леарница за алуминиум и цинк постапува согласно Закон за животна средина и ги почитува условите наведени во Б-интегрираната еколошка дозвола.**

Општински инспектор за животна средина

Андријана Георгиевска Зебековска